ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 54 став (1) точка 1) потточка 1.20 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна 101/25 и 135/25) и член 22 од Правилникот за утврдување на цени за топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.225/23 и 153/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на xx јули 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на регулиран максимален приход и тарифни ставови за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија за 2026 година на Друштвото за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје**

1. На Друштвото за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, за 2026 година се одобрува регулиран максимален приход во износ од 2.819.770.444 денари за испорачана количина на топлинска енергија од 519.817.695 kWh.
2. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа одлука, регулираниот максимален приход за дистрибуција на топлинска енергија изнесува 2.595.398.345 денари, за испорачани 519.817.695 kWh топлинска енергија.
3. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа одлука, надоместокот за снабдување со топлинска енергија изнесува 224.372.099 денари за испорачани количини на топлинска енергија од 519.817.695 kWh, на ниво на мерно место.
4. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа одлука, а согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.65/19, 219/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.19/22, 197/22 и 226/23), се одобруваат следните тарифни ставови за снабдување со топлинска енергија на ниво на мерно место и тоа:

| Ред.бр. | ТАРИФНИ СТАВОВИ | Единица мерка | Цена за 2026 година |
|---|---|---|---|
| **КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА** | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/година | 1.670,0648 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 2,8275 |
| **КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ** | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/година | 3.173,1232 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 5,3723 |

5. Релативниот однос на тарифните ставови помеѓу категориите на потрошувачи Домаќинства и Останати се утврдува да изнесува 1 : 1,90.
6. Тарифните ставови од точка 4 од оваа одлука ќе се применуваат за грејната сезона 2026/2027 година.
7. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а се применува од 1 август 2026 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Друштвото за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје се (во понатамошниот текст: ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје), до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави Барање за одобрување на максимален приход и цена за 2026 година бр.03-1238 од 26 мај 2026 година, заверено во архивата на Регулаторна комисија за енергетика со УП1 бр.08-236/26 од 28 мај 2026 година (во понатамошниот текст: Барање).

Кон Барањето, ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје ја достави потребната документација согласно со Правилникот.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 21 од Правилникот на 8 јуни 2026 година го објави известувањето во врска со Барањето на ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика.

По објавеното известување, во рокот утврден во Известувањето до Регулаторната комисија за енергетика не беа доставени мислења и предлози од страна на заинтересирани правни и физички лица.

Во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика со Решение број 02-ххх/1 од 16 јули 2025 година свика подготвителна седница на 21 јули 2026 година на која предмет на разгледување беше Предлог одлуката за одобрување на регулиран максимален приход и тарифни ставови за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија за 2026 година на Друштвото за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје.

На 21 јули 2026 година се одржа подготвителна седница на која беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика, претставници од ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје, ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје, ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје, АД ЕСМ – Подружница Енергетика, ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД – Скопје, ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, ТЕ-ТО АД Скопје, претставник од АД АДОРА, претставник од кабинет на Претседател на Владата на Република Северна Македонија, Градоначалник на Град Скопје, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерство за финансии, претставник од Комисијата за заштита на конкуренција, претставник од Стопанска комора на Северна Македонија, претставник од Стопанска комора на северо-западна Македонија, претставник од Сојуз на стопански комори на Македонија, претставник од Организација на потрошувачи на Македонија, како и претставник од Советот за заштита на потрошувачите на РСМ.

### Податоци од барањето

Друштвото во Барањето ги има презентирано следните податоци:

| Опис | Ед.мерка | Снабдување 2026 |
|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 227.942.236 |
| Трошоци за материјали, енергија, резервни делови | денари | 9.520.000 |
| Трошоци за тековно одржување | денари | 6.388.000 |
| Трошоци за осигурување | денари | 720.000 |
| Бруто плати | денари | 139.168.912 |
| Менаџерски плати и награди | денари | 1.408.849 |
| Други услуги | денари | 43.945.877 |

| | | |
|---|---|---|
| Останати и вонредни трошоци | денари | 26.790.598 |
| Пренесени трошоци | денари | 1.574.378 |
| Амортизација | денари | 9.527.387 |
| Маржа | денари | 142.147.037 |
| Фактор на корекција | денари | -143.380.118 |
| Регулиран максимален приход за услугата снабдување | денари | 524.571.155 |
| ВКУПНО MAR | денари | 4.078.247.089 |
| Испорачана количина на топлинска енергија | kWh | 518.560.695 |

**Анализа од Регулаторната комисија за енергетика**

Регулаторната комисија за енергетика во согласност со Правилникот започна постапка и изврши анализа на доставените податоци и информации од Барањето на ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје.

Регулираниот период за дејноста снабдување со топлинска енергија изнесува 1 година. Регулаторната комисија за енергетика со оваа Одлука на ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје му одобрува регулиран максимален приход и тарифни ставови за снабдување со топлинска енергија за 2026 година.

При анализа на доставените податоци во Барањето, Регулаторната комисија за енергетика го утврди следното:

**Оперативни трошоци**

Регулаторната комисија за енергетика имајќи го во предвид Правилникот ги утврди следните оперативни трошоци за регулираниот период 2026 година:

- Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар изнесуваат 9.520.000 денари и истите се прифатени согласно податоците од Барањето;
- Трошоците за тековно одржување изнесуваат 3.506.616 денари и се пресметани имајќи го во предвид утврденото ниво на оваа група трошоци за 2025 година и истите се прилагодени согласно стапката на инфлација за 2026 година од 4% (согласно податоци од Народна банка на Република Северна Македонија);
- Трошоците за осигурување изнесуваат 720.000 денари и истите се прифатени согласно податоците од Барањето;
- Трошоците за бруто плати изнесуваат 80.576.470 денари и се пресметани имајќи го во предвид утврденото ниво на оваа група трошоци за 2025 година и истите се прилагодени согласно стапката на инфлација за 2026 година од 4% (согласно податоци од Народна банка на Република Северна Македонија); Оваа група на трошоци е утврдена за 90 извршители имајќи ги во предвид историските податоци за бројот на вработени за вршење на дејноста снабдување со топлинска енергија;
- Трошокот за менаџерските плати и награди се прифатени согласно податоците од Барањето и истите изнесуваат 1.408.849 денари;
- Другите услуги изнесуваат 28.704.111 денари и се пресметани имајќи го во предвид утврденото ниво на оваа група трошоци за 2025 година и истите се прилагодени согласно стапката на инфлација за 2026 година од 4% (согласно податоци од Народна банка на Република Северна Македонија);
- Трошоците од категоријата останати и вонредни трошоци изнесуваат 15.465.394 денари и се пресметани имајќи го во предвид утврденото ниво на оваа група трошоци за 2025 година и истите се прилагодени согласно стапката на инфлација за 2026 година од 4% (согласно податоци од Народна банка на Република Северна Македонија);

**Пренесени трошоци**

Пренесените трошоци за 2026 година се утврдени да изнесуваат 1.574.378 денари и истите се прифатени согласно податоците од Барањето.

**Амортизација**

Трошокот за амортизација за 2026 година изнесува 9.527.387 денари и е прифатен согласно Барањето.

**Маржа за снабдување**

Маржата за дејноста снабдување со топлинска енергија за тарифни потрошувачи е утврдена да изнесува 51.907.967 денари, за испорачана количина на топлинска енергија од 519.817.695 kWh и истата е утврдена да изнесува 2% од регулираниот максимален приход за дистрибуција на топлинска енергија.

**Фактор на корекција**

Факторот на корекција за дејноста снабдување со топлинска енергија за 2025 година за друштвото ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје, изнесува -43.153.045 денари. Преостанатиот фактор на корекција од минати години изнесува -42.690.664 денари. При утврдување на регулираниот максимален приход за 2026 година применета е 1/4 од вкупниот фактор на корекција во износ од -21.460.927 денари, а останатиот дел од факторот за корекција во износ од -64.382.782 денари, Регулаторната комисија за енергетика ќе го има во предвид при носењето на следните одлуки за цени.

Регулираниот максимален приход остварен од вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија за 2025 година за друштвото ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје, повторно пресметан со признаени вредности, наместо прогнозирани ($MARK_{2025}$) изнесува 2.405.530.777 денари.

Остварениот приход за 2025 година ($R_{2025}$) за друштвото ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје изнесува 2.363.401.474 денари, согласно доставените податоци од Бруто билансот на претпријатието за 2025 година.

Просечната пасивна каматна стапка, објавена од Народната банка на Република Северна Македонија изнесува 2,43% за 2025 година.

Пресметката на регулираниот максимален приход остварен од вршење на регулирана енергетска дејност снабдување на топлинска енергија за 2025 година, повторно пресметан со признаени вредности, наместо прогнозирани ($MARK_{2025}$), е презентирана во следнава табела:

| **Р. бр.** | **О П И С** | **2025** | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **РКЕ Одлука 2025** | **ЕСМ Остварено** | **$MARK_{t-1}$** |
| **1** | **Оперативни трошоци** | **128.560.055** | **172.106.326** | **129.581.755** |
| 1.1 | Трошоци за материјали (со вода), енергија, резервни делови и ситен инвентар | 4.448.875 | 4.425.964 | 4.425.964 |
| 1.2 | Трошоци за тековно одржување | 1.365.217 | 3.371.746 | 3.371.746 |
| 1.3 | Трошоци за осигурување | 720.000 | 470.407 | 470.407 |
| 1.4 | Бруто плати | 77.622.597 | 114.149.999 | 77.477.375 |
| 1.5 | Менаџерски плати и награди | 1.500.000 | 1.365.585 | 1.365.585 |
| 1.6 | Други услуги | 27.600.107 | 31.027.957 | 27.600.107 |
| 1.7 | Останати и вонредни трошоци | 15.303.259 | 17.294.668 | 14.870.572 |
| **2** | **Пренесени трошоци** | **1.230.451** | **1.168.283** | **1.168.283** |
| **3** | **Амортизација** | **7.938.852** | **7.613.543** | **7.613.542** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | **МАРЖА** | **49.367.056** | | **44.035.723** |
| 5 | **Трошок за топлинска енергија, системски услуги и услуга дистрибуција** | **2.468.352.790** | | **2.201.786.142** |
| 6 | **Надоместок за снабдување со топлинска енергија** | **187.096.414** | | **182.399.303** |
| 7 | **Фактор на корекција** | **-21.345.332** | | **-21.345.332** |
| 8 | **Вкупен регулиран максимален приход** | **2.676.794.536** | | **2.405.530.777** |

Со примена на овие елементи согласно Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика утврди вкупниот регулиран максимален приход за вршење на регулираната енергетска дејност снабдување со топлинска енергија се одобрува да изнесува 2.819.770.444 денари.

Имајќи го предвид горе наведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука, може да се поведе Управен спор, во рок од 30 дена од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**УП1 Бр.08- 236/26**
**xx јули 2026 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**